НВОСАЕМ



# 3 ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА



# Содржина


3 Вовед

4 Цели

5 Новини

6 Организација на НВО Саемот

8 Форумски дел

12 Промотивни активности

13 Едукативни и социо-културни настани

14 Изложбен дел

15 НВО Саемот низ бројки

16 Граѓанскиот сектор е...

18 Програма

24 Учесници во изложбениот дел







НВО Саемот - 3 форум на граѓанското општество во Македонија, традиционално се одржа од 20 до 22 ноември во Скопје, организиран од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во соработка со Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) и Институтот за трајни заедници (ИТЗ). За разлика од минататите две години беше променета само локацијата и третиот НВО Саем се одржа на Скопски саем.

За три дена беа одржани 52 форума, едукативни сесии и социо-културни настани и се претставија 205 граѓански организации од земјава и десет организации од граѓанскиот сектор од Србија и Црна Гора, Косово, Словенија, Босна и Херцеговина, Данска, Грузија, Казакстан, Киргистан и од Русија.

Посебен интерес, годинава, предизвика форумскиот дел, на кој беа отворени повеќе прашања кои го засегаат граѓанскиот, државниот и приватниот сектор. Форумот претставува отворен простор за дебатирање и можност секој да си го каже своето мислење. Носечки теми, годинава, беа: „Како до мобилизација на граѓанското општество", „Вистините и заблудите за граѓанскиот сектор", „Како до стратегија за дијалог и соработка меѓу државата и граѓанскиот сектор?" и „Промени во Законот за здруженија на граѓани и фондации".

Во рамките на изложбениот дел, граѓански организации се претставија со свои презентации, базирани врз креативноста на граѓанските организации, и користејќи ја можноста за промовирање на своите идни активности и проекти.

„Во современите држави не е измислен подобар модел за контрола и надополнување на честите превиди во политиката од моделот на невладините граѓански организации, кои поаѓајќи од индивидуалните и колективни интереси, се организираат за да ги подобрат сопствениот живот, нивото и квалитетот на демократијата во сопствената средина", рече претседателот на државата, Борис Трајковски, на свеченото отворање на НВО Саемот.

Третиот НВО Саем го поздрави и Донато Киарини, шеф на делегацијата на Европската комисија во Македонија, кој истакна дека правото на граѓанинот е основен принцип за градење на граѓанското општество и предупреди за можните манипулации со граѓански сектор. „Институциите на Европската унија го помагаат развојот на граѓанскиот сектор. Нивниот развој е, секако, битен, но поважно е граѓанските организации да останат независни, затоа што ако тие станат лоби-групи на одредени партии, тогаш не се веќе граѓански организации", рече Киарини.

„Говориме за безбедност, за мултикултурно општество, за партиципативна демократија и децентрализација, за економски развој и вработувања. Колку повеќе говориме, толку повеќе нови проблеми, толку повеќе нови дилеми", рече, во својот поздравен говор, Сашо Клековски, извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка, потенцирајќи дека не постојат „волшебни стапчиња" и дека само ние можеме да ги решиме сопствените проблеми.

Извршниот директор на Институтот за трајни заедници, Пол Паркс, ги потсети присутните дека се навршуваат 40 години од атентатот на Џон Ф. Кенеди, потенцирајќи дека една од работите што тој ни ги остави е една визија. „Визија на свет, кој е полн со тешки проблеми, но и на свет во кој нема причина тие проблеми да ги прифатиме како постојани. Навистина, кога тие само би се прифатиле, би бил најлош неуспех. Тоа што е потребно е посветеност здружена со дејствување. Кога луѓето би имале посветеност и храброст да работат заедно, светот би бил подобро место за живеење. Тоа е визија според која вреди да се дејствува, и заради тоа сме тука", рече Паркс.

Присутните ги поздрави и Владимир Милчин, извршен директор на Фондацијата Институт отворено општество Македонија, потенцирајќи дека ваквиот настан е единствен и по својата форма и по својата содржина, бидејќи обезбедува вклученост на граѓански организации од различни сектори од сите краишта на Македонија.

За три дена форумските и изложбените активности ги проследија 10.000 граѓани, што е најдобар показател за успешниот развоен пат на НВО Саемот.

# Цели

НВО Саемот - 3 форум на граѓанското општество во Македонија има за цел да придонесе кон јакнење на институционалниот капацитет на граѓанските организации на Македонија. Тој е единствен по својата форма и содржина и има за цел да ја преземе улогата на отворен простор за расправа на приоритетите на граѓанските организации за застапување и за лобирање. Дебатите се однесуваа на теми од поширок општествен интерес, како што се сиромаштијата, јаловиштата и одржливоста, човековите права, Рамковниот договор, ревитализација и реинтеграција на кризните региони…
Трите саемски дена, претставниците на граѓанскиот, деловниот и државниот сектор, активно учествуваа во форумскиот и во изложбениот дел. Учесниците имаа можност да разменат искуства и да го поттикнат меѓусебното разбирање и почитување, да ја зголемат информираноста на јавноста и на другите актери во општество за нивните досегашни и идни активности.






## Целите на НВО Саемот се:

- Создавање простор за размена на искуства на актерите на граѓанското општество и поттикнување на меѓусебното разбирање и почитување.
- Поттикнување дијалог меѓу актерите на граѓанското општество и зголемување на нивото на нивната комуникација, координација и соработка.
- Зголемена информираност на јавноста за активностите на актерите на граѓанското општество.
- Размена на информации со организации од регионот.

# Новини

- Претставување на Секторот за европска интеграција, годинава, со свој штанд и учество во форумскиот дел се вклучи и македонската Влада.
- Учеството на деловниот сектор, претставен преку фирмите „Макстил“, „Мобимак“ и „Алкалоид“.
- На форумот учествуваа и 11 верски заедници, преку Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.
- Свеченото отворање беше преведувано на јазиците на сите етнички заедници во Република Македонија, на англиски и на знаковен јазик.
- Нов концепт на организиран превоз - промовиран преку партиципација во трошоците за посетителите надвор од Скопје. Посебно внимание беше посветено на анимирањето на учениците од средните училишта, кои ја следат наставата по граѓанско образование. За таа цел, средните училишта беа однапред информирани за настанот од организацискиот одбор, посочувајќи ја локалната партнер-организација одговорна за транспортот.

  Според анкетата спроведена меѓу посетителите, организации кои најдобро се презентирале со својот штанд на 3 НВО Саем - форум на граѓанското општество се:

- **Меѓаши**
- **Синергија**
- **Сојуз на извидници на Македонија**

Добитниците беа наградени од организаторите со обуки и со сопствени публикации

## Присутност во јавноста...

Почетокот на НВО Саемот – 3 форум на граѓанското општество во Македонија беше најавен на конференција за печат на која јавноста беше запознаена со форумските и изложбените активности, едукативни и социо-културни настани. Свеченото отворање предизвика голем интерес кај медиумите, како и дел од панел дискусиите, посебно оние кои беа посветени на Законот за слободен пристап до информации, безбедноста на новинарите при известувањето и Рамковниот договор. За време на НВО Саемот, функционираше инфо-пулт, а редовно се дополнуваа со информации и веб-страниците на **www.graganskisvet.org,mk** и **www.mango.org.mk**.







# Организација на НВО Саемот

## Партнери

НВО Саемот -3 форум на граѓанското општество во Македонија организациски го осмислија и го реализираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во соработка со Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ) и Институтот за трајни заедници (ИТЗ), во соработка со 26 организации, вклучени во дел од настаните и 18 локални партнери, организатори на транспортот за цела Македонија.





## Тек на подготовка

Подготовките за одржување на третиот НВО Саем почнаа уште во првата половина на 2003 година, веднаш по направената оцена за претходниот НВО Саем и по согледувањето на искуствата од него. Целта беше да се согледаат добрите и лоши страни при организацијата на вториот НВО Саем и надминување на воочените слабости.

На почетокот на октомври беше составен програмскиот одбор на НВО саемот. При изборот се внимаваше на рамноправна географска застапеност на граѓанските организации, еднаква застапеност на сите сектори, полов баланс, како и избалансираност меѓу локалните и националните организации, кои се претставници на граѓанскиот сектор во Македонија. Селектираните 20 претставници од организации и поединци, како и претставниците од трите организатори се договорија како ќе ја утврдат програмска содржина на НВО Саемот, односно како ќе ги одредат темите во форумскиот дел. Водејќи се од актуелноста и од потребата за дискусија, програмскиот одбор ги одобри темите за форумскиот дел на својата втора седница.

Паралелно со програмскиот одбор, постојано се состануваше и организацискиот одбор на НВО Саемот, чии членови ги договараа и

го следеа спроведувањето на оперативните активности, поврзани со одржувањето на НВО Саемот, како што се: утврдување на оперативниот план, лоцирање и поделба на активностите меѓу организаторите, донесување упатство за однесување на учесниците на НВО Саемот за време на неговото одржување, како и планирање на промотивните активности и обезбедување транспорт за посетителите надвор од Скопје.




## Организациски одбор

Сашо Клековски, Македонаки центар за меѓународна соработка
Владимир Милчин, Фондација Институт отворено општество Македонија
Пол Џ. Паркс (**Paul J. Parks**), Институт за трајни заедници
Сунчица Саздовска, Македонски центар за меѓународна соработка
Сунчица Костовска, Фондација Институт отворено општество Македонија
Жарко Конески, Институт за трајни заедници

## Членови на програмски одбор

**Сашо Клековски** (Македонаки центар за меѓународна соработка), **Владимир Милчин** (Фондација Институт отворено општество Македонија), **Јелена Јаневска** (Институт за трајни заедници), **Душица Перишиќ** (Заедница на единиците на локалната самоуправа), **Шпенд Имери** (Асоцијација за демократски иницијативи), **Суад Мисини** (Информативем центар за граѓанско оптштетство), **Ким Мехмети** (Центар за мултикултурно разбирање и соработка), **Бехиџудин Шехапи** (Ел хилал), **Викторио Јаковлески** (Здружение на новинарите на Македонија), **Бранко Докузовски** (ХОПС - опции за здрав живот), **Зоран Костов** (Можности и Македонска развојна фондација за претпријатија), **Ѓунер Исмаил** (Центар за стратегиски истражувања и документација), **Драги Змијанац** (Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“), **Савка Тодоровска** (Сојуз на организациите на жените на Македонија), **Звонко Шаврески** (Полио плус), **Даниела Стојанова** (Движење на екологистите на Македонија), **Ахмед Јашаревски** (Центар на ромската заедница „Дром“), **Гоце Тодоровски** (Центар за граѓански иницијативи Прилеп), **Самет Скендери** (ХДЗРМ „Месечина“ Гостивар), **Виолета Ефтимова** (Здружение за борба против малигни заболувања „Нов живот“ Штип)



## Оперативен тим

Емина Нурединоска, Александар Стамболиев, Кренар Кука, Александра Меќамова, Адис Рахиќ, Данило Митов

# Форумски дел

Во рамките на форумскиот дел беа одржани 52 пленарни сесии, панели, едукативни сесиии, промоции и презентации. На пленарните сесии и панелите беше расправано за теми од општо и од стратешко значење за граѓанското општество. На нив беше расправано за актуелни теми, анализирајќи ги проблемите и што е потребно за нивно надминување. По воведното излагање на претседавачот и воведничарите, беше оставен простор за дискусија, како и можност за давање препораки и предлози за решавање или за ублажување на проблемите.

Организацискиот одбор обезбеди термин, простор и технички услови потребни за одржување на форумскиот настан, како и општи информации за форумските настани во публикациите и огласите за НВО Саемот.

Организаторите на сесиите во форумскиот дел комплетно и самостојно учествуваа во подготовка на темата, изборот на воведничарите и претседавачите.

Информирањето на јавноста за одделните настани беше обврска на организаторот.

Работен јазик на настаните беше македонскиот, а на одредени пленарни сесии и панели - албанскиот, ромскиот и англискиот јазик.

За време на форумските настани се водеше записник, во формат утврден од организацискиот одбор.





## Како до мобилизација на граѓанското општество?

**Македонското општество е динамично и обременето со многу проблеми, така што на граѓанските организации им треба континуирана обука на човечките ресурси за да одговорат на идните предизвици**

Од расправата произлезе дека граѓанското општество треба да се фокусира врз градење на заедничките основни вредности и јакнење на граѓанската свест, како и воочување на главните пречки и искуства од земјите во регионот. Од воведничарите беше забележано дека покрај спонтаното комуницирање и соработка, во последните години, се забележани обиди за структурирана соработка и комуникација меѓу граѓанските организации, главно, како мрежи поттикнати од големите меѓународни или домашни организации. Македонското општество е динамично и обременето со многу проблеми, така што на граѓанските организации им треба континуирана обука на човечките ресурси за да одговорат на идните предизвици, како што се децентра-

лизацијата, новата територијална поделба и вклучување во евроатлантските интеграции. Надвладеа мислењето дека мрежите не смеат да влијаат врз програмските определби на организациите и беа посочени два можни начина на вмрежување – слободна иницијатива и институнализација.

Учесниците во расправата се сложија со фактот дека е значаен придонесот на граѓанските организации во деетнизација на државата и дека тие треба да продолжат да ја јакнат граѓанската свест во општеството, но и внатре во самиот граѓански сектор.

## Фатална привлечност на евроинтеграциите

**Процесот на евроинтеграција не значи само влегување во ЕУ, туку и живеење во европското семејство, вклучувајќи целосна интеграција**

Воведничарите го презентираа својот впечаток дека во Македонија, меѓу граѓаните, постои една амбивалентност, несигурност, во однос на парашањето за влез во Европската унија, но истовремено и нетрпеливост во однос на темпото со кое се одвива овој процес. Процесот на евроинтеграција, според нив, не значи само влегување во ЕУ, туку и живеење во европското семејство, вклучувајќи целосна интеграција.




Претставниците од бизнис-секторот се осврнаа на досегашното искуство на нивните компании од аспект на подготовка на микро-ниво во процесот на евроинтеграции, потенцирајќи дека и ние треба да се стремиме да бидеме рамноправен субјект преку прифаќање на правилата на игра, но и користење на националните предности, како што се евтината работна рака и еколошки чистата и здрава храна.

Странските претставниците го искажаа своето мислење дека нашата држава треба да се интегрира во ЕУ, бидејќи оваа територија е, безмалку, во Европа, но најбрз пат да стигнеме до целта е модернизација на општеството и интензивно фокусирање врз економијата.

**Неминовно е Владата и граѓанските организации да изградат стратегија и дури тогаш ќе може да се пристапи кон градење заедничка стратегија за дијалог и соработка**

## Како до стратегија за дијалог и соработка меѓу државата и граѓанскиот сектор?

Пленарната сесија започна со парашањата: дали постои интерес за дијалог и соработка меѓу граѓанските организации и државата, какви активности преземаат тие за воспоставување соработка и какви се искуствата од земјите во регионот. Констатирано е дека лошата економска ситуација и неколкуте кризи што континуирано ни се случуваа во земјава се причини за слабата соработка меѓу државата и граѓанските организации во изминативе 10 години.



Воведничарите најнапред се осврнаа на прашањето за односите меѓу граѓанските организации и државата, потенцирајќи дека се очигледни разликите, бидејќи државата има поинакво разбирање и потребно е да се разјаснат очекувањата. Општ беше заклучокот дека партнерски односи може да постојат само меѓу тие кои се познаваат, па затоа е потребно е државата да гради позиции и структури кои ќе развиваат продлабочено знаење, разбирање и релации со граѓанскиот сектор.

Присутните се запознаа и со искуствата од Словенија, каде било тешко да се оствари директна комуникација и поради тоа бил ангажиран меѓународен медијатор, што се покажало како позитивно искуство.

Учесниците во расправата го искажаа своето мислење дека и покрај тоа што се смета дека бројот на граѓански асоцијации е голем, тоа воопшто не треба да претставува проблем, туку напротив нуди повеќе можности.

Како приоритетна цел беше посочено поттикнување на домашната мобилизација за поддршка на луѓе и средства, а Владата и граѓанските организации да имаат испланиран стратегиски развој, бидејќи дури тогаш ќе може да се пристапи кон градење заедничка стратегија за дијалог и соработка.





## Вистините и заблудите во граѓанскиот сектор

**Најголем простор за критика лежи во граѓанскиот сектор и во неговата неможност да објаснат и да влезат во полемика за расчистување на дилемите и стереотипите**

Воведничарите се осврнаа на дилемата врз основа на кои критериуми би се извршила класификација за тоа што се вистини, а што заблуди, зашто во плуралното општество не постои само еден критериум за нивно дефинирање. Заблуда, според еден од воведничарите, е именувањето на овој сектор како „граѓанско општество“, бидејќи сите негови чинители имаат различни цели и само така ќе продолжи да опстојува.

Фактот дека подолго време граѓанскиот сектор е во подем, исто така, предизвика дилеми и спротивставени мислења, зашто е сè поочигледно дека кај граѓаните постои процес на сецесионизам, на повлекување во себе, неактивност и неподготвеност за соработка, надвор од домашниот праг.

Пленарната сесија беше заокружена со дискусија каде беа спомената контроверзите и разликите, кои потекнуваат од начинот како ние самите ја гледаме улогата на граѓанските организации, нагласувајќи дека многу лесно ги отфрламе искуствата од социјализмот. Општ беше заклучокот дека најголем простор за критика лежи во самиот граѓански сектор и во неможноста на неговите актери да ги расчистат дилемите и стереотипите.

## Промени во Законот за здруженија на граѓани и фондации

**Со промените, правните лица ќе имаат можност да формираат здруженија на граѓани, ќе биде избришан условот основачите да имаат државјанство, а можност да основаат здружение ќе добијат и малолетни лица**

Воведничарите, најнапред појаснија дека Законот за здруженија на граѓани и фондации е донесен во 1998 година, но некои работи сè уште се недоречени, посебно за организациите од јавен интерес. Со реформата на јавната администрација, граѓанскиот сектор ќе преземе дел од одговорностите на јавниот сектор за да се олесни самиот процес на пренесување на државните функции на ОЈИ. Неопходна е и хармонизација на нашето со законодавство на земјите од Европската унија, а со промените ќе се прецизира и можноста здруженијата на граѓани да се трансформираат во фондации, да се напушти територијалниот и да се потенцира функционалниот пристап.

Со промените, правните лица ќе имаат можност да формираат здруженија на граѓани, а нема да биде обврзно основачите да имаат државјанство. Со промените се предвидува и можноста здружението на граѓани да работи и пред формално да се регистрира, а можност за формирање здруженија на граѓани ќе добијат и малолетни граѓани.

Дел од воведничарите побараа промените на законот да се вклопат и во правниот систем, што подразбира промени во фискалните закони.

Претставникот од САД се задржа на прашањето како да се одреди кои активности се од јавен интерес, а кои не се. Тој нагласи дека е потребно да постои целна група, која од некоја причина е запоставена од општеството, да нема конфликт на интереси, да се ограничи платата на вработените во организацијата и да се забрани нејзина трансформација во профитна организација. Исто така, треба да се дефинира кој ќе решава за овие организации и дали тие ќе се регистрираат во суд или во Министерството за финансии.

## Глобализација или одржлив развој за Македонија

**Прифаќањето на позитивните страни од процесот на глобализација и интеграција, бара да се изгради и соодветен механизам за заштита од можните злоупотреби**

Заштитата на животната средина и опасностите од натамошната негрижа на луѓето беа повод да се проговори за дилемета - глобализација или оддржлив развој за Македонија. Трендот на глобализација е неодминлив процес на иднината, со кој е незаобиколно, зафатена и нашата земја. На трибината беше посочено дека опстанокот на секоја држава, во иднина, ќе зависи од националната политика за одржлив развој. Затоа, рационалното искористување на природните ресурси, во склад со економските и социјалните потреби на граѓаните, ќе го дефинира статусот на идните генерации. Во таа насока, прифаќањето на позитивните страни на процесот на глобализацијата и интеграцијата, бара да се изгради и соодветен механизам за заштита од можните злоупотреби.

Организаторот ја информираше јавноста дека е обезбеден наменски фонд за граѓански организации во Македонија за активности кои треба да придонесат за оддржлив развој на Македонија, во следните две години. Расположливиот фонд е 50,000 евра, годишно и наведениот форум претставува одлична можност за прво преставување на оваа финансиска програма.



# Промотивни активности





## Граѓански практики




Македонски центар за меѓународна соработка ја промовираше книгата „Граѓански практики“, најавувајќи дека во иднина оваа публикација ќе излегува еднаш на три месеци. Целта на „Граѓанските практики“ е да ја поттикнат и да ја поддржат изградбата на одомаќени концепти и практики на граѓанското општество во Македонија.

## Проекти за промоција на меѓуетнички односи

„Значајно е да се разбиваат стереотипите и добро е да се полева дел од пустината, која објективно постои на полето на размена на информации“, рече Исо Руси, главен и одговорен уредник на „Лоби“, презентирајќи го проектот на МЦМС „Страници за меѓусебно разбирање“, финансиски поддржан од ЕАР.
Следеше претставување на активностите на проектот „Детскиот куклен театар“ на Европскиот центар за заедничка основа и проектите „Триаголник-три универзитети одговараат на етничките поделби“ и „Развој на заедниците преку подобрување на меѓуетничките односи“.

## Мултимедијален компакт диск „Скопјанката Мајка Тереза“

Граѓанската асоцијација „Скопјанката Мајка Тереза“ на НВО Саемот го промовираше компакт дискот, на кој се забележани истражувања, сведоштва и интервјуа со идната светица за нејзините корени, детството и младоста минати во родното Скопје.




## Инфотека - систем за едукација на потрошувачите

Инфотеката е нов систем за информирање на потрошувачите кој го промовира Организацијата на потрошувачи на Македонија. Информативниот систем е достапен и прилагоден на ниво на обичен потрошувач, а е изработен од експерти и практична литература за соодветните области и со него треба да се постигне подобра превентивна информираност на потрошувачите.

## Борба против дрогата во борба за младите

Книгата е наменета за родители, млади и за сите читатели загрижени за ова зло на современието. Промоторот изрази надеж дека таа ќе придонесе во продлабочување на разбирањето на проблемот со зависниците од пошироката јавност, а поебно е полезна за граѓанските организации, кои работат на полето на заштита и унапредување на менталното здравје на младите и на полето на превенција, третман, рехабилитација и ресоцијализација на зависниците.

## Адресар на граѓанските организации во Македонија

На НВО Саемот, МЦМС го промовираше и седмото издание на Адресарот на граѓанските организации во Македонија. Во него се вклучени податоци за 1.509 граѓански организации, од вкупно
5.312 регистрирани организации во земјава.



# Едукативни и социо-културни настани

## Социјален капитал

Тема на едукативната сесија беше социјалниот капитал, кој сè почесто, се поистоветува со финансискиот капитал. Тоа е релативно нов термин меѓу граѓанските органзации што се базира врз премисата дека еден човек е побогат колку повеќе луѓе познава, колку повеќе релации негува, колку е помала густината на неговата мрежа. Истото важи и за организациите. Во последно време, кај граѓанските организации е се поизразена потребата од инвестирање во социјалниот капитал. Оваа потреба е резултат на се поограничените ресурси (човечки, материјални, финансиски), а од друга старана и на зголеменото барање услуги и продукти од здруженијата. Тие, денес, преземаат се покомплексни активности за надминување на состојбите во општеството, како што се борба против корупцијата, олеснување на положбата на лицата со хендикеп, законски измени, што бара поширока акција и со тоа мобилизирање на повеќе различни ресурси. На сесијата посебно беше истакнато значењето на социјалниот капитал за развојот на организацијата.





## Форум театар

**Театарска техника која се користи за актуелизација на одредена проблематика во јавноста**

Форум-театарот е театарска техника, која ѝ овозможува на публиката активно да учествува не само преку дискусија, туку и искуствено да го сподели своето мислење играјќи некоја од улогите во претставата. Оваа техника младите со задоволство ја практикуваат, бидејќи, како што потенцираа тие самите, таа им овозможува гласно и отворено говорење за проблемите и потребите кои ги засегаат.

# Изложбен дел

Во рамките на изложбениот дел на НВО Саемот беа поставени 135 штандови на 205 граѓански организации. Основниот изложбен простор за презентација, изнесуваше девет метри квадратни, а организациите имаа можност изгледот на својот штанд, да го уредат индивидуално или во соработка со други организации. Покрај презентацијата на штандови, 15 граѓански организации имаа можност своите активности да ги прикажат и преку изложба на постер-паноа.







## Изложбениот дел се состоеше од:

- штандови на кои граѓанските организации ги изложија своите печатени материјали, фотографии и ги презентираат резултатите од својата работа.
- постер презентација со димензии 90 на 70 см (димензија на хамер), наменета за организации кои немаа изложбен простор.
- презентација на публикации.
- АВ презентација - компјутерско претставување на организациите во „**MS Power Point**“ програма на видео бим.

# НВО Саемот низ бројки

На НВО Саемот - 3 форум на граѓанското општество во Македонија се претставија 205 граѓански здруженија од земјава и десет организации од граѓанскиот сектор од Србија и Црна Гора, Косово, Словенија, Босна и Херцеговина, Данска, Грузија, Казакстан, Киргистан, и од Русија. На форумот беа организирани 52 форумски настана, 4 пленарни сесии, 24 панели, 10 едукативни сесии, 8 промоции, 6 презентации на програми, проекти и други активности. Форумските настани ги проследија над 2.000 лица.

Број на граѓански организации - **205**
- Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи (верски заедници) - **11**
- Општествено-одговорни деловни субјекти - **1**
- Влада на Република Македонија (Сектор за евроинтеграции) – **1**
- Број на штандови – **135**

Вкупен број на посетители - **9.459 лица**
- **На 20.11.2003 – 2.030**
- **На 21.11.2003 – 4.362**
- **На 22.11.2003 – 3.067**



Благодарност до Центарот на ромската заедница „ДРОМ", како главен координатор на локалниот транспорт

| | | |
|---|---|---|
| Прилеп и Крушево | Центар за поддршка на НВО | **707** |
| Делчево | Центар за поддршка на НВО | **198** |
| Крива Паланка | Центар за поддршка на НВО | **178** |
| Кратово | Центар за поддршка на НВО | **159** |
| Битола | Младински културен центар | **150** |
| Штип и Свети Николе | Центар за поддршка на НВО | **148** |
| Неготино и Кавадарци | Центар за поддршка на НВО | **137** |
| Куманово | ЦРЗ „ДРОМ" | **115** |
| Велес | Центар за поддршка на НВО | **110** |
| Гостивар и Тетово | ХДЗР „Месечина" | **100** |
| Струмица | Центар за поддршка на НВО | **99** |
| Кочани | Центар за поддршка на НВО | **71** |
| Берово и Пехчево | ЕД „Брица" и ЕД „Кладенец" | **62** |
| Кичево | Центар за поддршка на НВО | **58** |
| Гевгелија | Центар за поддршка на НВО | **55** |
| Ресен | Центар за поддршка на НВО | **46** |
| Дебар | Центар за поддршка на НВО | **42** |
| Струга и Охрид | Центар за поддршка на НВО | **28** |

Форумски настани - **52**
- пленарни сесии – **4**
- ппанели – **24**
- едукативни сесии - **10**
- промоции – **8**
- презентации – **6**

Социо-културни настани –**7**



# Граѓанскиот сектор е...

